# Учество на жените во граѓански консултации во Општина Струмица

## Вовед и методологија на истражувањето

Мал е бројот на жени кои се вклучени во креирањето на политиките на Општина Струмица. Над 80% од жените никогаш не учествувале во граѓански консултации за развој на локални политики, а речиси 86% не се задоволни од активностите на општината кои треба да создадат услови за подобрување на положбата и животот на жените. Општината не води разделени статистички податоци за учество на мажите и жените на јавни собири во месните и урбаните заедници и за нивните различни потреби и приоритети.

Ова го покажа истражувањето кое Организацијата на жени од Струмица го спроведе во периодот април - јуни 2024 година, со цел да го утврдиме нивото на вклученост на жените во граѓански консултации во развојот на годишните програми и буџети на општина Струмица и на степенот на задоволство од мерките кои ги презема општината за унапредување на еднаквите можности меѓу мажите и жените.

За потребите на истражувањето беа доставени барања за пристап до информации од јавен карактер до Општина Струмица, а за да ги утврдиме ставовите и перцепциите на жените, спроведовме и интернет анкета. Вкупно 181 жена одговорија на анкетниот прашалник.

Едновремено, во текот на јуни 2024, реализиравме и кампања на јавен простор „Вклучи се, биди активна, побарај гласно“, со цел да ги идентификуваме потребите на жените кои живеат на територијата на Општина Струмица.

## Интернет анкета

Високи 80,8% од испитаничките одговориле дека не учествувале во граѓански консултации кои биле организирани од општината во периодот од 2022 до 2024 година.

Речиси 90% од анкетираните не се задоволни од нивото на вклученост на жените во процесите на одлучување!




Дури 76.8% од жените не биле повикани да учествуваат на средби за креирање локални политики!



## Одговори на БПИЈК



Општина Струмица во 2022 организирала еден буџетски форум и 19 јавни собири. Исто толку и во 2023 година.

На првата сесија на форумот во 2022 година учествувале 91 граѓанин/ка (49 мажи и 42 жени), а на втората 78 (41 маж и 37 жени). Опаѓа бројот на присутни граѓани/ки во 2023. На првата сесија учествувале 63 лица, од кои 34 мажи и и 29 жени, а на втората само 49, односно 30 мажи и 19 жени.

Во текот на 2022 и 2023 година на јавните собири присуствувале вкупно 1025 граѓани/ки.

Општината не располага со разделени статистички податоци за бројот на присутни жени и мажи на собирите во месните и урбаните заедници.

## Кампања на јавен простор

Во јуни 2024 ја спроведовме кампањата „Вклучи се, биди активна, побарај гласно".

Жените не се информирани за механизмите за учество во граѓанските консултации кои ги спроведува општината. Сметаат дека треба да има почести средби помеѓу нив и општинските власти, за да бидат слушнат различните потреби на жените.



**Потреби на жените:**

- Мултифункционален женски центар
- Женски клубови во градот и населените места
- Подобро улично осветлување
- Детски игралишта во секоја урбана и рурална заедница
- Мали паркови во урбаните и руралните заедници
- Решавање на проблемот со узурпираните тротоари

## Заклучоци и препораки

Само 1% од граѓаните/ките учествувале во консултациите на Општина Струмица за креирање на годишните програми и буџети за 2022 и 2023 година. Општината нема функционален механизам за поголема информираност на жените и нивна побројно учество во активности за креирање локални политики. Недоволната застапеност на жените во консултативните процеси доведува и до неадекватно адресирање и реализирање на женските потреби и приоритети.



**Препораки до Општина Струмица:**

- Неформални средби на општинските службеници и советниците со жените во нивните места на живеење
- Посебни средби со жените во месните и урбаните заедници
- Оналјн анкетни прашалници на општината за идентификување на различните потреби на жените и мажите
- Отворени денови на градоначалникот за средба со активната женска заеедница (еднаш годишно)
- Комуникација и соработка со женски граѓански организации


Оваа публикација е подготвена во рамки на институционалниот грант на Организација на жени од Струмица, финансиски поддржан од Акција Здруженска. Содржината е единствена одговорност на Организација на жени од Струмица и на никаков начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Акција Здруженска.

# Учество на жените во граѓански консултации во Општина Босилово

## Вовед и методологија на истражувањето

Жените не се доволно вклучени во креирањето на политиките на Општина Босилово. Околу две третини (61,8%) никогаш не учествувале во граѓански консултации за развој на локални политики. Над 62% од жените не се задоволни од активностите на општината кои треба да овозможат услови за подобрување на положбата и животот на жените. При подготовка на буџетите за последните три години општината спровела повеќе форми на консултации со граѓани, како: интернет алатка за доставување предлози, отворен ден со општината, собири на граѓани.

Ова се податоците од истражувањето кое Организацијата на жени од Струмица го спроведе во периодот април - јуни 2024 година, со цел да го утврдиме нивото на вклученост на жените во граѓански консултации во развојот на годишните програми и буџети на Општина Босилово и на степенот на задоволство од мерките кои ги презема општината за унапредување на еднаквите можности меѓу мажите и жените.

За потребите на истражувањето беа доставени барања за пристап до информации од јавен карактер до Општина Босилово, а за да ги утврдиме ставовите и перцепциите на жените, спроведовме и интернет анкета. Вкупно 76 жени одговорија на анкетниот прашалник.

Исто така, во текот на јуни 2024 спроведовме и кампања на јавен простор „Вклучи се, биди активна, побарај гласно“, со цел да ги идентификуваме потребите на жените кои живеат во Босилово.

## Интернет анкета

3. Дали во изминатите три години сте учествувале на некаков вид на граѓански консултации, како јавни расправи, дебати, форуми на заедницата, собири на граѓаните со градоначалникот, состаноци во месната/урбаната заедница, средби со претставници на Локалната самоуправа (вработени во општинската администрација, раководители на јавни претпријатија и локални институции, членови на Советот на општината итн.), со цел искажување или доставување на потреби и предлози за решавање на проблемите во Вашето место на живеење?

76 responses




62% од анкетираните не се задоволни од нивото на вклученост на жените во процесите на одлучување!

60% од испитаничките не биле информирани за можноста за учество во консултации за креирање локални политики!





## Одговори на БПИЈК



Општина Босилово во процесот на подготовка на буџетите за 2022, 2023 и 2024 година спровела повеќе форми на граѓански консултации: отворени денови во општината, собири во населени места, средби со граѓани. Во 2024 е воведена и онлајн анкета за собирање предлози.

Од вкупно 180 присутни граѓани на собирите, само 30 биле жени.

За 43% е поголемо учеството на мажите од жените на отворените денови во општината (35 мажи наспроти 15 жени).

Општина Босилово нема податоци за бројот на пристигнати предлози од жени, доставени преку нејзината официјална интернет страница.

## Кампања на јавен простор

Во јуни 2024 во Босилово ја спроведовме кампањата „Вклучи се, биди активна, побарај гласно".

Жените не се информирани за механизмите за учество во граѓанските консултации кои ги спроведува општината. Според нив, мажите и жените во заедницата имаат различни потреби. Сепак, воспоставените општествени норми за улогата на жената во семејството и заедницата, влијаат на ниското учество на жените во активностите на општината за развој на локални политики.

**Потреби на жените:**

- Пешачки премин кај училиштето
- Едукации за женското здравје
- Изградба на канализациона мрежа
- Уредување на просторот во центарот на селото - хортикултурно уредување и поставување на урбана опрема




## Заклучоци и препораки



За шест пати е поголемо учеството на мажите во консултациите на општина Босилвоо за креирање на годишните програми и буџети за 2022, 2023 и 2024 година. Општината нема функционален механизам за поголема информираност на жените и нивна побројно учество во активности за креирање локални политики. Недоволната застапеност на жените во консултативните процеси доведува и до неадекватно адресирање и реализирање на женските потреби и приоритети.

**Препораки до Општина Босилово:**

- Едукации за охрабрување и поттикнување на женското учество
- Неформални маалски средби со жените
- Онлајн анкетни прашалници на општината за идентификување на различните потреби на жените и мажите
- Отворени денови на градоначалникот за средба со активната женска заедница (еднаш годишно)
- Средби на координаторката за еднакви можности со жените во нивнивте места на живеење


Оваа публикација е подготвена во рамки на институционалниот грант на Организација на жени од Струмица, финансиски поддржан од Акција Здруженска. Содржината е единствена одговорност на Организација на жени од Струмица и на никаков начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Акција Здруженска.

# Учество на жените во граѓански консултации во Општина Ново Село

## Вовед и методологија на истражувањето

Жените воопшто не вклучени во креирањето на политиките на Општина Ново. Ниту една жена никогаш не учествувала во граѓански консултации за развој на локални политики. Над 93% од жените не се задоволни од активностите на општината кои треба да овозможат услови за подобрување на положбата и животот на жените. Не е познато дали општината спроведува консултации со граѓани/ки за креирање на годишните програми и буџети во последните три години.

Ова се податоците од истражувањето кое Организацијата на жени од Струмица го спроведе во периодот април - јуни 2024 година, со цел да го утврдиме нивото на вклученост на жените во граѓански консултации во развојот на годишните програми и буџети на Општина Ново Село и на степенот на задоволство од мерките кои ги презема општината за унапредување на еднаквите можности меѓу мажите и жените.

За потребите на истражувањето беа доставени барања за пристап до информации од јавен карактер до Општина Ново Село, а за да ги утврдиме ставовите и перцепциите на жените, спроведовме и интернет анкета. Вкупно 80 жени одговорија на анкетниот прашалник.

Воедно, во текот на јуни 2024 спроведовме и кампања на јавен простор „Вклучи се, биди активна, побарај гласно", со цел да ги идентификуваме потребите на жените кои живеат на територијата на Општина Ново Село.

## Интернет анкета

Ниту една од испитаничките не учествувала во некаков вид на граѓански консултации во Општина Ново Село!




Над 93% од анкетираните не се задоволни од нивото на вклученост на жените во процесите на одлучување!






## Одговори на БПИЈК

Општина Ново Село не достави одговори на барањата за пристап до информации од јавен карактер.

Оттука, не знаеме дали во периодот 2022 - 2024 година се спроведени консултации со граѓани/ки во процесот на креирање на општинските буџети и политики.

## Кампања на јавен простор

Во јуни 2024 во Ново Село ја спроведовме кампањата „Вклучи се, биди активна, побарај гласно".

Жените не се информирани за механизмите за учество во граѓанските консултации кои ги спроведува општината.

Според посетителките, општината не спроведува активности за идентификување и утврдување на потребите на граѓаните/ките, а партиската поларизација има големо влијание врз развојот и спроведувањето на локалните политики.

**Потреби на жените:**

- Едукации за женското репродуктивно здравје
- Едукации на младите за менструалното здравје
- Едукации против врсничко и насилство врз жените
- Велосипедска патека
- Женски клуб





## Заклучоци и препораки

Општина Ново Село нема воспоставено практики за практикување на партиципативната демократија, преку вклучување на жените и мажите во развојот на локаните политики. Невклучувањето на граѓаните/ките во овие процеси резултира со несоодветно алоцирање на буџетските средства и доведува до зголемување на нееднаквоста меѓу жените и мажите/девојките и момчињата. Потребите на граѓаните/ките не се земени во предвид при креирањето на годишните општински буџети.

**Препораки до Општина Ново Село:**

- Организрање и спроведување граѓански консултации во сите фази на буџетскиот процес
- Средби со жени и мажи во сите населени места
- Идентификување на различните потреби на жените и мажите
- Отворени денови на градоначалникот за средби со граѓани/ки
- Средби на координаторката за еднакви можности со жените од сите населени места


Оваа публикација е подготвена во рамки на институционалниот грант на Организација на жени од Струмица, финансиски поддржан од Акција Здруженска. Содржината е единствена одговорност на Организација на жени од Струмица и на никаков начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Акција Здруженска.